бр.0202-97/6-1
од 27.05.2026 год.

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ СО ОПАЃАЧКА ОСИГУРЕНА СУМА
(ОУСЛ ПРВА МК 19_ОПЃ_ТЕР/26-01)

Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје



мај, 2026

Врз основа на член 43, став 1, точка 2 од Статутот на Друштвото за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје (во натамошниот текст друштвото), Одборот на директори на друштвото, на седницата одржана на ден 27.05.2026 година, по предлог на извршниот член на Одборот на директори, ги усвои следните:

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ СО ОПАЃАЧКА ОСИГУРЕНА СУМА ОУСЛ ПРВА МК 19_ОПЃ_ТЕР/26-01

Член 1

(1) Општите услови за осигурување на живот во случај на смрт со опаѓачка осигурена сума ПРВА МК 19-ОПГ-ТЕР/26-01 (во натамошниот текст: услови) се составен дел на договорот за осигурување на живот кој е склучен меѓу договарачот на осигурувањето (во натамошниот текст: договарач) и Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје (во натамошниот текст: осигурувач).

(2) Поимите во овие услови го имаат следното значење:

1. **Понудувач** е лице што има намера да склучи осигурување и за таа цел поднесува понуда до осигурувачот;
2. **Осигурувач** е друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје ;
3. **Понуда** е предлог за склучување договор за осигурување, даден во писмена или електронска форма на образец на осигурувачот;
4. **Договарач** е лицето што го склучува договорот за осигурување со осигурувачот и има обврска да му ја плати премијата за осигурување на осигурувачот;
5. **Осигуреник** е лицето на кое се однесува осигурувањето (корисник на кредитот издаден од кредитната институција) и од чија смрт зависи исплатата на сумата на осигурување;
6. **Корисник на основното осигурување** во случај на смрт на осигуреникот е кредитна институција во РС Македонија која ги има потребните законски дозволи и/или согласности да врши работи на кредитирање во земјата – правно лице, во чија корист се склучува осигурувањето и на кое се врши исплата на осигурената сума за договорениот осигурен случај, но не повеќе од износот на кредитот. Во случај кога износот на кредитот е помал од осигурената сума во моментот на настанување на осигурениот случај, корисник над износот на кредитот до висината на осигурената сума е лицето одредено од осигуреникот за корисник.
7. **Корисник на дополнителните осигурувања** е лицето одредено од осигуреникот за корисник во чија корист се склучува осигурувањето и на кое се врши исплата на осигурената сума за договорениот осигурен случај;
8. **Полиса** е исправа за склучен Договор за осигурување на живот;
9. **Премија** е износот што договарачот е должен да му го плати на осигурувачот врз основа на Договорот за осигурување на живот;
10. **Договорена** осигурена сума е осигурената сума во случај на смрт на почетокот на осигурувањето која за времетраење на осигурувањето месечно опаѓа;
11. **Опаѓачка осигурена сума** е износот што се исплаќа во случај на смрт на осигуреникот која за времетраење на осигурувањето месечно опаѓа и е еднаква на износот што важел во моментот на настанување на осигурениот случај смрт на осигуреникот;
12. **Осигурена сума за дополнителните осигурувања** е осигурената сума што му се исплаќа на корисникот на осигурувањето во случај на настанување на осигурен случај по дополнителните осигурувања;
13. **Каренца** е периодот по склучување на осигурувањето, во кој покритието договорено со полисата сè уште не е започнато;
14. **Пушач** е лице што користело тутун или други форми на никотин во кое било време во годината пред да го склучи осигурувањето;
15. **Осигурен случај** е иден, неизвесен настан независен од исклучивата волја на договарачот, кој може да предизвика штета која има за последица смрт на осигуреникот и кој припаѓа во ризиците што осигурувачот ги покрива со својата дејност;
16. **Основно осигурување** е склучен договор за осигурување на живот за случај на смрт со опаѓачка осигурена сума;
17. **Дополнително осигурување** е осигурување што е склучено заедно со основното осигурување;
18. **Математичка резерва** е техничка резерва која се пресметува и издвојува за подмирување на идните обврски по однос на договорот за осигурување на живот;
19. **Винкулација** е доделување на правата за исплата од полисата за основното осигурување на живот на доверител (кредитна институција), во случај на настанување штета, односно настанување осигурен случај. Винкулирање на полисата се врши во случај кога полисата за основно осигурување се користи за обезбедување исплата на кредитот.
20. **Кредит** е збир од сите кредитни изложености на кредитната институција кон осигуреникот, вклучувајќи го и она што е дефинирано како потрошувачки или друг тип кредит или дозволено пречекорување согласно прописите за заштита на потрошувачи при договори за потрошувачки кредити, со Законот за облигационите односи и други позитивни правни прописи на РС Македонија. Во износот влегуваат и каматите по кредитните изложености, но само оние што доспеале за плаќање до денот на смртта на осигуреникот;

(3) Во случај на осигурување на живот во случај на смрт со опаѓачка осигурена сума, осигурувачот ја плаќа сумата на осигурување во согласност со овие услови доколку осигуреникот почине за време на траењето на договорот за осигурување.

(4) Покрај осигурувањето на живот според овие услови, можно е да се склучат и дополнителни

осигурувања од тековната понуда на осигурувачот кои подлежат на дополнителни услови.

Член 2

(1) Со договорот за осигурување на живот, договарачот се обврзува редовно да му ја плаќа премијата на осигурувачот на начин и во форма наведени во полисата и во овие услови. Осигурувачот се обврзува да му ја плати договорената осигурена сума или дел од неа на корисникот по настанување осигурен случај дефиниран во овие услови.

(2) Сите договори важат само ако се договорени писмено и ако при склучувањето, односно при промената на осигурувањето е извршена лична идентификација.
Сите изјави што осигурувачот или договарачот ги поднесуваат еден на друг мора да бидат во писмена форма и важат од моментот, односно денот на прием од договорната страна до која се упатени. Ако изјавите и документите се праќаат по пошта, како ден на прием се смета денот кога препорачаното писмо било предадено во пошта.
Сите промени кои за последица имаат промена на обврската на осигурувачот започнуваат да важат од првиот ден на следниот месец по приемот на барањето.

(3) Односите меѓу договарачот, осигуреникот, корисникот и осигурувачот и сите нивни права и обврски се утврдуваат со писмен договор (во хартиена или електронска форма). Составни делови на договорот за осигурување на живот се: општите услови, понудата со додатоци и изјави, медицинската документација, полисата, дополнителните рокови и услови за дополнителни осигурувања, сите посебни писмени изјави на договорните страни, клаузули и други прилози и дополнувања на полисата.

Лица што можат да бидат осигурени под овие услови

Член 3

(1) Осигурувањето на живот може да се склучи со или без лекарски преглед.

(2) Согласно овие општи услови може да се осигурат здрави лица со навршени 18 години, па сè до завршување на календарската година во која осигуреното лице навршило 74 години, со тоа што осигурувањето треба да заврши во календарската година во која осигуреникот ќе наврши 75 години старост.

(3) Осигурувањето на живот во случај на смрт на лице што не наполнило 14 години или на лице на кое целосно му е одземена деловната способност е ништовно.

(4) Најдолгиот период на осигурување што може да се договори според овие услови е 30 години, а најкраткиот период на осигурување што може да се договори е 1 година.

(5) Возраста на осигуреникот во моментот на пристапување кон осигурувањето се определува како разлика помеѓу годината на започнување на осигурувањето и годината на раѓање.

Понуда

Член 4

(1) Договорот за осигурување може да се склучи врз основа на писмена понуда, која е на образецот на осигурувачот и ги содржи сите суштински компоненти на договорот, а му се дава на осигурувачот во печатена или електронска форма. Понудата мора да биде потпишана од двете договорни страни, а ако договарачот и осигуреникот не се исто лице, на понудата е потребен и потпис на осигуреникот, а наместо тоа договарачот може да приложи и писмена согласност со понудата во која е наведена сумата на осигурување за која се склучува осигурувањето. Ако понудата е во електронска форма, договорниот однос од осигурувањето настанува со самото плаќање на премијата.

(2) Писмената понуда направена на осигурувачот во писмена или електронска форма за склучување договор за осигурување го врзува понудувачот, ако тој не определил пократок рок, за време од осум дена од денот кога понудата пристигнала до осигурувачот, а ако е потребен лекарски преглед, тогаш за време од 30 дена.

(3) Доколку осигурувачот не ја одбие понудата, која е во согласност со условите под кои е склучено предложеното осигурување, во рокот наведен во претходниот став се смета дека осигурувачот ја прифатил понудата и дека договорот е склучен и стапува во сила на датумот наведен во понудата како датум на започнување на осигурувањето.

(4) Доколку осигурувачот како одговор на понудата предложи понудата да се дополни, се смета дека осигурувачот ја одбил понудата и му дал контрапонуда на договарачот. Контрапонуда се прифаќа кога договарачот ќе добие изјава од осигуреникот дека ја прифаќа контрапонудата или изврши плаќање на премијата под новите услови.

(5) Доколку осигурувачот во рок од 15 дена по издавањето на контрапонудата не добие изјава за прифаќање на понудата или уплата на премијата според новите услови, се смета дека договорот за осигурување не е склучен. Во овој случај, осигурувачот е должен да му ја врати на договарачот платената премија или што и да е примено од осигуреникот. Притоа, осигурувачот ќе си ги наплати сите трошоци настанати од лекарскиот преглед на осигуреникот.

(6) Во согласност со законската регулатива од областа на спречување перење пари и финансирање тероризам, пред да ја достави понудата до осигурувачот, понудувачот мора правилно да се легитимира и да дозволи на осигурувачот или трети лица што вршат идентификација за сметка на осигурувачот да ги провери дадените податоци. Понудата е валидно поднесена само доколку успешно се завршени процедурите за идентификација и потпис.

(7) Осигурувачот му предава на понудувачот копија од потпишаната понуда за осигурување заедно со соодветната документација. Наведената документација се доставува лично до понудувачот или се праќа по пошта или е-пошта на адресата наведена во понудата.

(8) Во понудата, договарачот и осигуреникот мора да ги пополнат информациите во сите делови дадени во формуларот на осигурувачот. Осигуреникот мора совесно и со најдобра намера да го пополни прашалникот за неговата здравствена состојба. Доколку осигуреникот одговори „да“ на кое било од прашањата за здравствената состојба од Прашалникот за здравствена состојба, мора да даде подетален опис на здравствените проблеми за кои знае. Доколку не го стори тоа, ќе се побара од осигуреникот да ја комплетира понудата, а ако не го стори тоа откако ќе биде побарано, понудата се смета за неважечка. Во овој случај се смета дека осигурувачот ја одбил понудата на договарачот.

(9) Во понудата осигуреникот мора да ги наведе ризичните рекреативни активности и спортови со кои се занимава или има намера да се занимава, како што се: трки со автомобили, трки со спортски чамци , воздушни перничиња и слично, мотоциклизам и мотокрос, летање и управување авиони и други воздухоплови од секаков вид, освен оние за јавен превоз на патници, летање со балон, змејарство, параглајдерство, скокање со падобран слободен пад и слично, пловење по кањони, рафтинг на диви води, бокс, кикбокс и други борачки вештини, кревање тегови, бодибилдинг, боб-санкање, скелетон, ски-скокање, јавање коњи, трки со кас, лов на крупен дивеч, стрелаштво, планинарење над 3.000 метри, слободно искачување, искачување по необележани патеки и слично, екстремен алпинизам, нуркање, спелеологија, екстремен скејтбординг, екстремни видови сурфање, банџи-скокање, скокање со ракети, летање со хели- боди, екстремни падобрански скокови од објекти, бејс скокање, качување по дрва, јамакаси, паркур, спортско качување во сала, трчање во затворен простор, фанбол, планински велосипедизам (надолнина), бе-ем-икс, рафтинг на снег, едрење на мраз, едрење на отворено море, санкање со кучиња, доброволно гасење пожари, професионални спортови, учество во натпревари во екстремни спортови, спортски активности во РС Македонија или надвор од државата или други спортски и рекреативни активности кои не се наведени, но се инхерентно ризични.

(10) Осигурувачот може да ја одбие понудата без да ги наведе причините за одбивањето.

(11) Доколку околностите или фактите за кои осигурувачот поставил прашања во понудата се промениле помеѓу датумот на потпишување на понудата и датумот на започнување на осигурувањето, како што е наведено во полисата, договарачот или осигуреникот мора веднаш да го извести осигурувачот. Доколку не го стори тоа, осигурувачот може да бара поништување на договорот. Притоа, ќе се применуваат одредбите од член 9 од овие услови.

(12) За целите на процесот на процена на ризикот, осигуреникот го овластува осигурувачот да собира, проверува, обработува, складира, пренесува и да користи лични податоци од даватели на здравствени и сродни услуги, установи, институти и други физички и правни лица кои располагаат со податоци со кои осигурувачот смета дека се важни за утврдување на соодветната премија. Осигурувачот се обврзува да постапува со податоците во согласност со законската регулатива која ја регулира заштитата на личните податоци.

Полиса

Член 5

(1) Осигурувачот издава полиса за осигурување на живот во еден примерок, врз основа на информациите од понудата. Полисата му се предава на договарачот или во случај на винкулација на кредитната институција во чија корист е винкулирана.

(2) Полисата за осигурување на животот ги содржи најмалку законски пропишаните елементи. Потписите на понудата (своерачни или електронски) ги заменуваат потписите на полисата.

(3) Во случај на несогласување на некоја одредба за општите или посебните услови и некоја одредба на полисата, ќе се примени одредбата на полисата, а во случај на несогласување на некоја печатена одредба на полисата и некоја нејзина ракописна одредба, ќе се примени оваа последнава.

(4) Доколку некоја одредба во полисата се разликува од понудата и другите писмени изјави на договарачот, договарачот може да приговори писмено во рок од еден месец од приемот на полисата. Доколку не го стори тоа, се применува содржината на полисата.

(5) Чување на договорот за осигурување: копија од понудата во писмена форма или примерок од понудата во електронска форма, примерок од условите за осигурување и другите документи кои се доставени до договарачот/осигуреникот во електронска или хартиена форма осигурувачот ќе ги чува во својата архива, а документите ќе му бидат достапни на договарачот/осигуреникот на негово барање.

Почеток, прекин и период на покритие на осигурувањето

Член 6

(1) Осигурувањето е склучено така што ќе стапи во сила на првиот ден од месецот. Осигурувањето започнува во 00:00 часот на денот наведен во полисата како почеток на осигурувањето. Во тој момент, покритието на осигурувачот започнува и за оние покритија што не се во каренца, под услов да се исполнат следните услови:
   1. понудувачот дотогаш целосно го платил износот на првата премија;
   2. осигурувачот го завршил процесот на процена на ризикот во рок од 8 или 30 дена и изјави дека го прифаќа покритието или договарачот се согласил на какви било дополнителни услови поставени од осигурувачот за прифаќање на покритието.

(2) Доколку првата премија не се плати во целост до почетокот на осигурувањето, обврската на осигурувачот за оние покритија што не се во каренца започнува во 24 часот на денот кога осигурувачот ќе ги прими парите на својата сметка, по исполнување на следните услови:
   1. здравствената состојба на осигуреникот во

меѓувреме не е влошена;
2. премијата е платена најдоцна во рок од 30 дена од датумот на започнување со осигурување според полисата;
3. осигурувачот го завршил процесот на процена на ризикот и изјавил дека го прифаќа покритието или осигуреникот се согласил на какви било дополнителни услови поставени од осигурувачот за прифаќање на покритието.

(3) Договорот за осигурување престанува:
1. во 00:00 часот на денот наведен во полисата како ден на истек на осигурување;
2. при смрт на осигуреникот;
3. во случај на последици од неплаќање на премијата;
4. во други случаи утврдени со овие услови или со закон

Обврски на осигурувачот
Член 7

(1) Осигурувачот се обврзува да му ја исплати осигурената сума на корисникот во случај на смрт. Доколку настапи смрт на осигуреникот за време на преземената обврска на осигурувачот, односно за времетраење на договорот за осигурување, обврска на осигурувачот е износот на опаѓачката осигурена сума која е во важност во месецот во кој настанал осигуриот случај смрт на осигуреникот по договорот за осигурување. Доколку осигуреникот го доживее договорениот период на осигурување, осигурувачот нема обврска по договорот.

(2) Осигурувачот нема обврска доколку осигуреникот почине во периодот на каренца, освен во случај на смрт поради несреќен случај. Осигурувачот ја исплаќа осигурената сума во случај на смрт дури и во периодот на каренца, доколку осигуреникот починал поради несреќен случај.

(3) Осигурувачот може да има и други обврски согласно условите за дополнителните осигурувања, доколку се договорени и платени.

Исклучување и ограничување на обврските на осигурувачот
Член 8

(1) Осигурувачот не ја исплаќа осигурената сума или нема обврски од договорот за осигурување на живот во следните случаи:
1. доколку договарачот или осигуреникот намерно молчел за одредена околност врз основа на која осигурувачот не би го склучил договорот за осигурување доколку знаел за тоа;
2. ако осигурувањето било прекинато поради неплаќање на премијата и осигуриот случај настанал по раскинувањето на договорот за осигурување;
3. ако барањето за исплата на осигурената сума е поднесено врз основа на лажни податоци;
4. доколку околностите на осигуреникот значително се промениле помеѓу потпишувањето на договорот и датумот на започнување на осигурувањето и осигурувачот не бил навреме информиран за тоа.

(2) Осигурувачот не ја исплаќа осигурената сума во случај на смрт доколку осигуреникот извршил самоубиство или починал како резултат на обид за самоубиство во текот на првата година од осигурувањето. Доколку самоубиството се случи во рок од три години од датумот на склучување на договорот, осигурувачот не е обврзан да му ја исплати осигурената сума на корисникот, туку само математичката резерва согласно договорот.

(3) Осигурувачот не е должен да му ја исплати осигурената сума на корисникот доколку тој намерно ја предизвикал смртта на осигуреникот. Доколку се платени најмалку три годишни премии до датумот на настанот, осигурувачот ја плаќа математичката резерва согласно договорот на договарачот, но ако договорот се однесувал на неговиот живот, таа им се исплаќа на неговите наследници.

(4) Доколку смртта на осигуреникот е резултат на војна, воени операции, активно учество во тероризам или извршување смртна казна, поради дејство на мини и бомби од сите видови или друго воено оружје, востание, немири, бунт и насилства кои настануваат од такви настани, осигурувачот не е обврзан да му ја исплати осигурената сума на корисникот, туку само ја исплаќа математичката резерва согласно договорот.

Обврски на договарачот и осигуреникот
Член 9

(1) При склучување договор за осигурување на живот и дополнителни осигурувања, договарачот и осигуреникот се должни да го известат осигурувачот за сите околности релевантни за процена на ризиците што им се познати или не можеле да останат непознати за нив. Околностите за кои осигурувачот поставил писмени прашања во понудата се особено важни. Договарачот е должен да го извести осигурувачот за секоја промена во занимањето на осигуреникот што значи зголемување на ризикот за времетраењето на осигурувањето. За зголемен ризик се сметаат оние професии за кои осигурувачот поставил прашање во понудата.

(2) Доколку договарачот или осигуреникот намерно лажно пријавил или намерно молчел за некоја околност која би го спречила осигурувачот да го склучи договорот доколку бил свесен за вистинската состојба, осигурувачот може да бара поништување на договорот или да одбие исплата на осигурената сума ако осигуреникот почине пред да дознае за таква околност. Доколку договорот е поништен, осигурувачот ги задржува веќе платените премии и има право да бара плаќање на премијата за периодот на осигурување во кој побарал поништување на договорот. Правото на осигурувачот да бара откажување на договорот за осигурување престанува доколку на договарачот не му изјави дека има намера да го искористи тоа право во рок од три месеци од денот кога дознал за невистинитоста на пријавата или за молчењето.

(3) Доколку договарачот или осигуреникот пријавил нешто невистинито или го испуштил задолжителното известување и тоа не го сторил

намерно, осигурувачот може по своја желба (во рок од еден месец од денот кога дознал за невистинитоста или нецелосноста на пријавата), да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата согласно ценовникот кој важи во моментот на склучување на осигурувањето. Во таков случај, договорот се раскинува по 14 дена од денот кога осигурувачот го известил договарачот дека го раскинува договорот. Доколку тој предложи да се зголеми премијата, договорот е ништовен со закон доколку договарачот не го прифати предлогот во рок од 14 дена од неговото примање. Доколку договорот е раскинат, осигурувачот мора да врати дел од премија која отпаѓа до крајот на осигурителниот период.

(4) Доколку договорот е раскинат според одредбите од третиот став на овој член и осигурувањето е склучено со плаќање еднократна премија, осигурувачот е должен да ја плати математичката резерва.

(5) Доколку осигуреният случај се случил порано, пред да се утврди лажноста или нецелосноста на пријавата или подоцна, но пред раскинувањето на договорот или пред да се постигне договор за зголемување на премијата, осигурената сума се намалува пропорционално помеѓу нивото на платените премии висината на премиите што требало да се платат според реалниот ризик, согласно важечката тарифа во моментот на склучување на осигурувањето.

(6) Договарачот или осигуреникот мора писмено да го извести осигурувачот за секоја промена на личните податоци (име и презиме, адреса на живеење, адреса на е-пошта, податоци од личен документ, ЕМБГ) и други околности релевантни за осигурувањето (на пр., професија), во рок од осум (8) дена од денот на промената. Доколку не биде известено за промена на адресата или други информации за контакт, осигурувачот ќе продолжи да праќа известувања на адресата за која последен пат бил известен, сметајќи дека известувањето е адресирано на точната адреса и дека е правилно доставено.

Неточна пријава на возраста на осигуреникот
Член 10

(1) Договорот за осигурување на живот е ништовен ако во моментот на неговото склучување возраста на осигуреникот била лажно наведена и неговата вистинска возраст ја надминува старосната граница во која осигурувачот склучува осигурување на живот под овие услови. Во овој случај секоја договорна страна мора на другата да ѝ го врати сето она што го добила врз основа на овој договор.

(2) Доколку во моментот на склучување на договорот осигуреникот е постар од наведеното, а неговата реална возраст не ја надминува старосната граница до која осигурувачот склучува осигурување на живот, договорот е полноважен, а осигурената сума се намалува во сооднос помеѓу договорената премија и премијата што би морало да се плати.

(3) Доколку осигуреникот е помлад од наведеното при склучувањето на договорот, премијата се намалува и осигурувачот ја враќа разликата помеѓу добиената премија и премијата на која има право.

Премија и осигурена сума
Член 11

(1) Премијата и осигурените суми меѓусебно ги определуваат договарачот и осигурувачот врз основа на информациите во понудата, особено во однос на избраната тарифа за премија и возраста на осигуреникот, периодот на осигурување, периодот на плаќање на премијата, здравствената состојба на осигуреникот, дали осигуреникот е непушач и дали не се занимава со ризични рекреативни активности и спортови во слободното време и врз основа на други околности што влијаат на проценатa на ризик.

(2) Осигуреникот е должен да му ја плати премијата на осигурувачот, а осигурувачот е должен да ја прифати премијата од секое лице што има правен интерес за премијата што се плаќа.

(3) Договорената премија се плаќа однапред, поточно до први секој месец за договорениот период во кој доспева. Премијата може да се плаќа годишно, полугодишно, квартално или месечно. Премијата може да се плати и еднократно.

(4) Премија се плаќа до истекот на договорениот период на осигурување или до смртта на осигуреникот, доколку тоа настане порано. Делумното плаќање на премијата нема да се смета за плаќање на премијата. Осигурувачот има право на премија до крајот на месецот во кој се случува осигуреният случај според овие услови.

(5) Без оглед на одредбата од претходниот став на овој член, кај осигурувањата со плаќање на премијата во еднократен износ, со настанокот на осигуреният случај, осигурувачот ја задржува целата платена премија.

(6) Износите што договарачот е должен да му ги плати на осигурувачот според договорот за осигурување и се исплатени со посредство на банка или друго друштво за платежна трансакција, се сметаат за платени кога осигурувачот ги примил парите на сметка. Ако некој износ треба да се одземе од сумите што ги примил осигурувачот од осигуреникот поради какви било даноци, придонеси или други давачки, само износот што осигурувачот го задржал по одбивањето на таквите трошоци ќе се смета дека му е платен на осигурувачот.

(7) Во случај на задоцнето плаќање на премијата, со трансакцијата најпрво се подмирува (најстарата) задоцнета неплатена премија. Договарачот мора да плати законска казнена камата за заостанатите неплатени премии.

(8) Покрај договорената премија, договарачот е должен да ги плати и сите придонеси и даноци што се пропишани или може да ги пропише законодавецот за време на траењето на договорот за осигурување. Доколку се променат или воведат нови давачки за време на траењето на договорот (нов данок, промена на даночната стапка итн.), овие промени влијаат на износот на договорената премија или исплата.

(9) Осигурената сума опаѓа секој месец, согласно договорената почетна осигурена сума која важи на датумот на склучување на осигурувањето, каматна стапка на кредитот и договорениот период на

траење на осигурувањето.

(10) Ако премијата е изразена во странска валута, плаќањето на премија се врши во денари по среден курс на НБРСМ на денот на плаќањето.

Последици од неплаќање на премијата
Член 12

(1) Доколку доспеаната премија не се плати во договорениот рок, осигурувачот праќа препорачано писмо до договарачот за плаќање на премијата.

(2) Доколку договарачот не ја плати премијата по барање на осигурувачот и по рокот од еден месец од датумот на кој му е врачено известувањето за датумот на доспевање на премијата, а тоа не го стори ниту друга заинтересирана страна, осигурувачот ќе го раскине договорот за осигурување. Премијата платена пред раскинување на договорот не се враќа.

(3) Доколку премијата не се плати повеќе од 30 дена, осигурувачот не ја презема обврската за исплата на штети што настануваат по 30 дена од денот кога на договарачот му било доставено препорачано писмо од осигурувачот со известување за датумот на достасување на премијата.

(4) Доколку осигуреният случај се случи во периодот во кој не е платена премијата, а осигурувањето сè уште било важечко (во рок од 30 дена од известувањето за датумот на доспевање на премијата), осигурувачот ја исплаќа осигурената сума, намалена за неплатените доспеани премии.

(5) Во случај на раскинување на договорот, престануваат да важат и дополнителните осигурувања приклучени кон основното осигурување.

Измена на договорот за осигурување
Член 13

(1) Не се дозволени промени на покритие (зголемување, намалување на премија или осигурена сума, скратување, продолжување на рокот на важење) кај договорите за осигурување.

(2) За дополнителните осигурувања, промена на покритието, висината на премијата за време на траењето на осигурувањето, вклучување и исклучување дополнителни осигурувања кон осигурувањето на живот се дозволени само на годишнината на договорот за осигурување.

(3) По исклучок од став 2 на овој член, измени на дополнителните осигурувања не се дозволени кога се работи за дополнителни осигурувања кон договор за осигурување со еднократно плаќање на премија.

Обнова на осигурувањето
Член 14

(1) Осигурувањето на живот што е прекинато може да се обнови на писмено барање на договарачот, но најдоцна во рок од четири месеци од крајот на месецот во кој е раскинат договорот, односно сторнирана полисата поради неплаќање.

(2) Во случај на продолжување на осигурувањето, договарачот мора да достави изјава за продолжување во печатена или електронска форма, во која ќе изјави дека здравствената состојба на осигуреникот не е променета од датумот на склучување на осигурувањето до потпишувањето на образецот за обновување или до денот кога осигурувачот ја добил информацијата. Доколку здравствената состојба се променила од датумот на склучување до потпишувањето на формуларот за обновување или денот кога осигурувачот ја добил информацијата, мора да се пополни здравствен прашалник.

(3) Обврската на осигурувачот за обнова на осигурување започнува во 24:00 часот на денот кога осигурувачот го примил барањето за продолжување на осигурувањето, доколку до тој датум се платени сите доспеани премии и здравствената состојба на осигуреникот е погодна за прифаќање во осигурување. Осигурувачот мора да го прифати или одбие барањето за обновување во рок од осум дена од денот на приемот на барањето доколку се исполнети сите услови за обновување на осигурувањето. Доколку осигурувачот не го одбие барањето во овој рок, се смета дека барањето за обновување е прифатено.

(4) Од датумот на обновување, за осигурувањето важат сумите на осигурување што важеле последниот ден пред датумот на раскинување на договорот и новата каренца. Каренцата е иста како и при склучување на осигурувањето.

(5) Доколку осигурувачот го одобри обновувањето на договорот за осигурување, осигурувањето по обновувањето останува во сила непроменето како договорот за осигурување никогаш да не бил раскинат.

Откуп на осигурувањето, капитализација, аванс и учество во добивка
Член 15

(1) Осигурувањето нема откупна и капитализирана вредност и не носи право на учество во добивката на осигурувачот. Осигурувањето не може да се користи во случаи на исплата на заем или аванс.

(2) По исклучок од став еден на овој член, откуп е дозволен кај полиси со еднократно плаќање на премија по поминати 2 (две) години од почетокот на осигурувањето и само во случај доколку се работи за рефинансирање кредит кај истата кредитна институција и за таа цел се склучува нова полиса за осигурување на живот. Во овој случај откупната вредност на полисата за осигурување изнесува 80% од износот на математичката резерва за осигурување на живот во случај на смрт на последниот ден во месецот пред поднесување на барањето за откуп и се користи за плаќање на премијата по новата полиса. Датум на откуп е датумот на исплата на откупната вредност. Со откуп на полисата престанува обврската на осигурувачот по таа полиса за осигурување на живот.

(3) Сите даноци кои се во согласност со важечкото законодавство се одбиваат од пресметаната вредност на откупот.

Дополнителни осигурувања
Член 16

(1) Кон осигурувањето на живот може да се додадат дополнителни осигурувања, кои се регулирани со дополнителни услови за дополнителни осигурувања или со посебни одредби во полисата за осигурување. За дополнителните осигурувања важат следните ограничувања:
   1. дополнителните осигурувања престануваат да важат во моментот на престанок на осигурувањето на живот и под условите наведени во условите за дополнителни осигурувања;
   2. премијата за основното осигурување на живот и премијата за дополнителни осигурувања кон осигурувањето на живот заедно ја сочинуваат вкупната премија на осигурување;
   3. делумното плаќање на премијата нема да се смета за плаќање на премијата;
   4. одредбите од овие услови се применуваат за плаќање на премија и последиците од неплаќање на премија и дополнителни осигурувања;
   5. во случај на последователно додавање на дополнително осигурување, премијата му припаѓа на осигурувачот од датумот на додавање на ова осигурување;
   6. при обнова на ова осигурување, осигурувачот има право на премија за времетраењето на покритието;
   7. доколку осигурувањето е предмет на каренца, договарачот е должен да ја плати и премијата за времетраењето на каренцата.

(2) На осигурувањето со еднократна уплата на премија може да се додадат само дополнителни осигурувања од несреќен случај со еднократна уплата на премија. Дополнителните осигурувања се склучуваат во исто време со осигурувањето на живот и престануваат да важат во моментот на престанок на осигурувањето на живот и под условите наведени во условите за дополнителни осигурувања.

Пријава на осигурен случај
Член 17

(1) Кога ќе се случи осигурен случај, корисникот мора да поднесе писмено барање до осигурувачот во печатена форма и на свој трошок во најкраток можен рок да ги набави и да ги достави следните документи во случај на смрт:
   - полисата за осигурување на живот во оригинал;
   - извод од матичната книга на умрените;
   - медицинска документација со која се потврдува смртта на осигуреникот;
   - исправа со која се потврдува причината за смртта на осигуреникот;
   - потврда од лекарот кој последен го лекувал осигуреникот со наведување на причината за смртта на осигуреникот;
   - податоци (спецификација) врз основа на кои осигурувачот може да го утврди обемот на кредитот (збирот на кредитните изложености) на осигуреникот на денот на смртта;
   - правосилно решение за наследување, ако како корисници со полисата се одредени законски наследници;
   - доказ за сродството, ако корисникот не е одреден со именување.
   - документ за лична идентификација
   - трансакциска сметка на корисникот на осигурувањето.

   Осигурувачот има право да бара други документи кои се неопходни за утврдување на основата и обемот на своите обврски.

(2) Доколку осигурувачот врз основа на пријавата за осигуреният случај и поднесените документи не може да утврди постоење или висина на својата обврска кон корисникот или ако се сомнева во веродостојноста на информациите во пријавата или во некој од приложените документи, во рок од 14 дена по приемот на барањето или доставениот документ, друштвото бара од лицето да ги достави дополнителните документи и докази потребни за таа цел со цел дополнително да се проверат околностите на осигуреният случај. Осигурувачот, исто така, може да побара од корисникот да обезбеди можност за независно проверување на околностите на осигуреният случај на друг соодветен начин.

(3) Согласно законската регулатива од областа на спречување перење пари и финансирање тероризам, корисникот мора уредно да се легитимира пред да изврши исплата на осигурената сума и да овозможи осигурувачот или трети лица кои вршат идентификација за осигурувачот да ги потврдат дадените податоци (лична идентификација).

(4) Се смета дека осигурувачот добил целосно известување за осигуреният случај на:
   1. денот кога се исполнети сите барања, доколку осигурувачот бара дополнителни документи, докази или дејствија на корисникот;
   2. денот кога осигурувачот ја примил апликацијата и сите документи кои мора да се приложат.

(5) Доколку приложената документација не е на македонски јазик, корисникот треба да обезбеди нејзин судски превод. Подносителот на пријавата ги сноси трошоците што настанале во врска со пријавувањето на осигуреният случај.

Плаќање на осигурената сума
Член 18

(1) Кога ќе настане осигурен случај, осигурувачот е должен да го исплати надоместот или сумата определена со договорот во договорениот рок кој не може да биде подолг од 14 дена, сметајќи откога осигурувачот добил известување дека настанал осигуреният случај. Ако за утврдување на постоењето на обврската на осигурувачот и на нејзиниот износ е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено

постоењето на неговата обврска и нејзиниот износ.

(2) Кога осигурувачот плаќа осигурена сума на лице што би имало право на тоа доколку договарачот не определил корисник, осигурувачот нема обврски според договорот за осигурување доколку во моментот на плаќањето лицето не знаело или не можело да знае дека корисникот е утврден со тестамент или со некои други исправи кои не му биле доставени при исплатата. Во овој случај, корисникот има право да бара враќање на парите само од лицето што ја примило осигурената сума. Истото важи и во случај на промена на корисникот.

(3) Осигурувачот има право да ги пребие сите неплатени доспеани премии при исплата на осигурената сума.

(4) Даночната регулатива која се однесува на договорите за осигурување на живот е пропишана во: Закон за данок на личен доход, Закон за данок на добивка и Закон за ДДВ, како и други законски акти кои може да ги изменат, дополнат или заменат горенаведените прописи. Согласно законот за ДДВ, член 23, точка 6, дејноста осигурување е ослободена од плаќање данок без право на одбиток на претходен данок.

(5) Во случај осигурената сума да е изразена во странска валута, исплатата се врши во денари, по среден курс на НБРСМ на денот на плаќањето.

Издавање дупликат полиса
Член 19

(1) Договарачот е должен да го пријави кај осигурувачот исчезнувањето на полисата веднаш откако дознал дека исчезнала и да го објави нејзиното исчезнување во Службен весник на Република Северна Македонија.

(2) Осигурувачот издава заменска полиса во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на исчезнатата полиса во Службен весник на Република Северна Македонија.

(3) Договарачот ги сноси сите трошоци во врска со издавањето на заменската полиса.

Застареност на побарувањата
Член 20

(1) Побарувањата на договарачот или корисникот од договорот за осигурување на живот застаруваат за пет години, а побарувањата од дополнителните осигурувања кои се склучени заедно со осигурувањето на живот истекуваат за три години, сметано од првиот ден по истекот на календарската година во која настанало побарувањето.

(2) Ако лицето докаже дека не знаело дека настанал осигурен случај до истекот на рокот на застареност од првиот став на овој член, рокот на застареност започнува кога дознал за тоа; во секој случај, побарувањето од животно осигурување истекува за десет години, а од друго осигурување за пет години, сметано од првиот ден по истекот на календарската година во која настанало побарувањето.

Жалби, приговори и вонсудско решавање спорови
Член 21

(1) Страните се согласни дека сите спорови што ќе произлезат од Договорот за осигурување ќе се обидат да ги решаваат вонсудски, на мирен начин.

(2) Договарачот и осигуреникот, како и други лица на кои се однесува осигурувањето, се обврзуваат дека неодложно во писмена форма ќе го известат осигурувачот за сите спорни прашања, жалби, приговори и недоразбирања кои се однесуваат на Договорот за осигурување на живот.

(3) Приговорите се доставуваат во писмена форма на адресата на седиштето на осигурувачот.

(4) По доставените приговори одлучува второстепена комисија на осигурувачот, која е составена од тројца членови од кој еден член е задолжително дипломиран правник, а која е должна во однос на приговорот да одлучи и писмено да се произнесе во рок од 30 (триесет) дена од приемот на приговорот.

(5) Во случај на спор надлежен е Основниот граѓански суд – Скопје.

(6) Во случаите кога договарачот, осигуреникот и корисникот на осигурувањето сметаат дека осигурувачот не се придржува кон одредбите од Договорот за осигурување, можат да поднесат претставка до органот надлежен за вршење на надзор на осигурувачот – Агенцијата за супервизија на осигурување.

Обработка и заштита на лични податоци
Член 22

(1) Осигурувачот врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување, увид, употреба итн.) на личните податоци на осигуреници, договарачи на осигурување, корисници на осигурување и др., во согласност со Законот за заштита на личните податоци и други релевантни прописи. При обработката на личните податоци осигурувачот применува соодветни технички и организациски мерки пропишани со регулативата.

(2) Осигурувачот ги обработува личните податоци врз основа на договорот за осигурување, Законот за супервизија за осигурување, одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, Законот за облигациони односи и легитимните интереси. Осигурувачот ги обработува податоците главно заради склучување и спроведување договори за осигурување, остварување на своите деловни цели и исполнување на законските обврски.

(3) Осигурувачот ги чува личните податоци добиени врз основа на закон до истекот на законскиот рок на чување. Законот за супервизија на осигурување предвидува податоците да се чуваат за период од 10 години по истек на договорот за осигурување или во случај на настанување штета 10 години по затворање на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настанатата штета согласно од Законот за супервизија на осигурување. По истек на роковите од овој став, личните податоци ќе бидат избришани/уништени и нема да се обработуваат за други цели.

(4) Субјектите на лични податоци имаат одредени права што произлегуваат од Законот за заштита

на личните податоци и тоа: право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката на личните податоци, преносливост, приговор. За остварување на овие права, како и во врска со други прашања за обработката на личните податоци, субјектите може да се обратат до осигурувачот.

(5) Доколку субјектот на лични податоци смета дека неговите лични податоци се обработуваат спротивно на Законот за заштитата на личните податоци, тој има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на лични податоци.

Прекинување на договорот за осигурување
Член 23

(1) Договарачот може да го откаже или раскине договорот за осигурување во секое време во текот на траењето на осигурувањето (во натамошниот текст: прекинување). Ако полисата е винкулирана, потребна е согласност и од доверителот во чија корист истата е винкулирана. Прекинувањето мора да биде дадено во писмена форма и испратено на адресата на осигурувачот по препорачана пошта.

(2) Прекинувањето стапува во сила во 24:00 часот на денот наведен во изјавата за повлекување како датум на прекин или во 24:00 часот на денот на приемот на препорачаната пошта на адресата на осигурувачот, доколку овој датум е постар од датумот наведен во изјавата за повлекување. На денот на прекин престанува обврската на осигурувачот за осигурувањето на живот и приклучените дополнителни осигурувања.

(3) Во случај на прекинување од договорот за осигурување, осигурувачот не ги враќа веќе платените премии, освен ако договарачот го прекине договорот во првите 30 дена од датумот на склучување на договорот, што важи и за договорите склучени на далечина или надвор од деловните простории на осигурувачот, секоја страна во договорот мора да ѝ врати на другата сè што е примено врз основа на овој договор. Пораката за прекинување се смета за навремена доколку е испратена во рокот наведен за повлекување од договорот и во овој случај договарачот е должен да му ги надомести на осигурувачот направените посебни трошоци, а цената на овие услуги ја одредува осигурувачот во Тарифникот на осигурувачот.

Надзор над друштвото за осигурување
Член 24

(1) Надзорно тело надлежно за надзор на осигурувачот е Агенцијата за супервизија на осигурување.

Завршни одредби
Член 25

(1) Договарачот и осигуреникот на осигурувањето со потписот на понудата изречно потврдуваат дека при склучување на договорот за осигурување писмено или електронски се известени од страна на осигурувачот за сите потребни податоци согласно Законот за супервизија на осигурувањето (или друг пропис кој ќе го замени него) и дека пред склучување на договорот им е оставено разумно време за донесување конечна одлука за склучување на договорот за осигурување. Согласно ова, договарачот и осигуреникот со потписот на понудата потврдуваат дека се известени за своите права согласно ЗСО, вклучително и за правото на поднесување жалба.

(2) За регулирање на односите од договорот за осигурување се користи правото на РС Македонија.

(3) За сето она што не е регулирано со овие Општи услови, се применуваат Законот за супервизија на осигурување, Законот за облигациони односи, Законот за заштита на личните податоци, Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам и другите важечки законски и подзаконски прописи на РС Македонија.

(4) Овие услови стапуваат во сила со денот на нивното усвојување, а се применуваат на договорите за осигурување кои ќе почнат да важат после 01.06.2026 година. Со почетокот на примена на овие услови за новите договори за осигурување престануваат да се применуваат Општите услови за осигурување на живот во случај на смрт со опаѓачка осигурена сума со еднократно плаќање премија (ПРВА МК 19_ОПГ_ТЕР/24-01).